По повод светскиот ден на бегалците и 75 години од прогонот на Македонците

од Егејскиот дел на Македонија во Чешка е отворена изложбата

INTERITUS MACEDONUM

(Истребување на Македонците)

РАНИТЕ И ЛУЗНИТЕ НА ДЕЦАТА БЕЗ ДЕТСТВО

По повод светскиот ден на бегалците (20. јуни) и 75 години од егзодусот на децата-бегалци од Егејскиот дел на Македонија на границата меѓу Чешка и Полска е отворена изложбата INTERITUS MACEDONUM (Истребување на Македонците) од авторот Георги Дуртаноски.

Барокниот замок Линхартови на границата меѓу Чешка и Полска е домаќин на изложбата насловен Interitus Macedonum („Истребување на Македонците„) по повод 75 години од егзодусот на децата од Егејскиот дел на Македонија.

Автор на изложбата е Георги Дуртаноски кој околу замокот Линхартови и во градот Крнов постави уметничка инсталација на отворено со 20.000 црвени стапалки кои ги симболизираат крвавите стапалки на децата прогонети од своите домови во Егејска Македонија со испишано име и презиме на секое протерано дете заедно со името на неговото родно место со македонски топоним.

Изложбата се приопштува за поширока публика по повод денешниот меѓународен/светски ден на бегалците и ќе биде отворена за посетителите до 2. август (оваа година).

Изложбата е во организација на македонските заедници од Чешка и Полска во одбележување на 75 годишнината од прогонот на македонските деца од Егејскиот дел на Македонија.

Замокот Линхартови е избран да биде домаќин на овој настан бидејќи неговата судбина е како нашата поделена Македонија: објектот (замокот) се наоѓа на чешка територија а имотот/дворот се наоѓа на полска територија. Тој е неколку пати разурнуван и опожаруван и секогаш повторно блеснува со својата убавина.

Според архивските податоци градот Крнов во 1948 и 1949 примил најголем број на македонски деца од вкупниот број кои ја напуштиле својата родна земја.

[redacted]

[redacted]